WORLD BANK GROUP




Редовен економски извештај за Западен Балкан
бр. 28 — есен 2025

**ПОДАТОЦИ**

# Северна Македонија

**Економскиот раст на Северна Македонија во 2025 година се очекува да достигне 3,1 проценти — поддржан од јавни инвестиции и постепен раст на извозот.**

**Показателите на пазарот на трудот и понатаму се подобруваат согласно подобрите резултати во првата половина на 2025 година. Меѓутоа, постои сé поголема потреба да се охрабри поголемото учество во работната сила, особено кај жените и младите, опремувајќи ги со вештини и давајќи им поддршка да одговорат на потребите на пазарот на трудот што се менува.**

**Ризиците по изгледите потекнуваат како од домашни така и од надворешни фактори, како управување со јавните инвестиции, забавувањето на активноста кај клучните трговски партнери и постојаното иселување на работната сила.**

Економскиот раст на Северна Македонија забрза во првата половина од 2025 година и достигна 3,2 проценти, поддржан главно од домашната побарувачка и од активноста на секторите услуги и градежништво. На фискален план, дефицитот и долгот и понатаму се над фискалните правила утврдени во 2022 година, а јавниот долг се проектира да го надмине минатогодишното ниво и во 2025 година да остане над 60% од БДП.

Среднорочните изгледи се позитивни, иако ризиците за намалување на растот опстојуваат. Во периодот 2025-2027 година се проектира просечен раст од 3%. Ризиците опфаќаат слаби инвестиции и побавна активност кај клучните трговски партнери. Основната инфлација, до 2027 година се очекува да се намали до долгорочниот просек од 2%, како резултат на постепеното намалување на ценовните притисоци.

> *Во Регионалниот економски извештај се нагласуваат позитивни резултати на Северна Македонија. Нивното одржување ќе бара внимателно управување со јавните финансии и забрзување на реформите, особено во областите на јавната администрација, енергетиката, човечкиот капитал и дигитализацијата.*
>
> **Карол Межеван**
> *директорка на Канцеларијата на Светска банка во Северна Македонија*

Преминувањето во групата земји со високи приходи ќе бара поголема продуктивност, подобра конкурентност и одржлив раст. Клучните приоритети вклучуваат искористување на недоволно искористениот потенцијал на трудот, промовирање на фер конкуренцијата, поттикнување на иновациите и пренасочување на ресурсите кон сектори со поголема додадена вредност.

## Реален раст на БДП

проценти




## Годишен раст и придонес

процентни поени




*Извор:* Националните заводи за статистика и прогнози на персоналот на Светска банка.
*Забелешка:* ЗБ6=Западен Балкан шест; e=проценка




**За повеќе информации и да ги најдете претходните изданија на Редовниот економски извештај за Западен Балкан, кликнете тука.**